**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До: ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

Бр.03 - 1082/1

Скопје 22.02.2019г.

**Предмет: Втор седмичен извештај на Агенцијата**

Почитувани,

Врз основа на обврските од член 76-в став 2 од Изборниот законик, а во согласност со Меморандумот склучен меѓу нашите институции на 04.02.2016 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го доставува вториот седмичен извештај за периодот од 15 до 21 февруари 2019 година.

Во рамки на овој извештај Ви го доставуваме Прегледот на пристигнати ценовници за платено политичко рекламирање (ППР) за Претседателските избори 2019 година.

Од вкупно 52 комерцијални телевизии, до Агенцијата ценовник доставија 44 телевизии. Од вкупно 13 комерцијални телевизии што емитуваат програма на државно ниво, две немаат доставено ценовник (1ТВ и ТВ Канал 5 Плус), а една национална телевизија достави ценовник по утврдениот рок (Наша ТВ). Од вкупно 20 регионални телевизии, пет немаат доставено ценовници (ТВ Амазон, ТВ Скопје, ТВ Топестрада, ТВ К Три и ТВ Сител 2). Од вкупно 19 локални телевизии, само една нема испратено ценовник за платено политичко рекламирање (ТВ Дибра).

Сите 3 радија што емитуваат програма на државно ниво доставија ценовници за платено политичко рекламирање. Од 16 комерцијални радија на регионално ниво, пет немаат доставено ценовници (РА Буба Мара, РА Зона М-1, РА Лајф, Спортско радио 90,3 ФМ и РА Џез ФМ), а едно радио достави ценовник по завршување на законскиот рок (РА РФМ). Од вкупно 48 комерцијални радија што емитуваат програма на локално ниво, 8 не доставија ценовник до Агенцијата (Скај радио плус, РА 106, РА Б-97, РА Делфин, РА Кавадарци, РА Александар Македонски, РА Лав и РА Дрини), а две локални радија доставија допис дека нема да емитуваат платено политичко рекламирање (РА Свети Николе и РА Енџелс ФМ).

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38**
**1000 Скопје**
**Република Северна Македонија**

**Тел. + 389 2 3103 400**

**www.avmu.org.mk**
**www.avmu.mk**
**contact@avmu.mk**

INTERCERT system certification
ISO 9001:2015 CERTIFIED